# СЛЕДЕЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ РАСХОДИ ВО ПРЕД – ИЗБОРНИОТ И ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД

**МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – Јавен документ**
**Период на следење: од 01.04.2016 до 30.04.2016**


Кратенки ..... 2

1. Резиме за извештајниот период ..... 3

Централна власт ..... 3

Јавни објави на веб страниците на Влада и селектирани буџетски корисници ..... 4

Мониторинг на трошењето на ниво на локална власт ..... 5

Вовед ..... 7

2. Буџетски Трошења ..... 8

А) Трошењето од централниот буџет ..... 8

1. Мониторинг на буџетските трошења на централно ниво-мониторинг и анализа на месечните извештаи кои ги објавува Министерството за финансии на РМ за извршување на буџетот ..... 8

Мониторинг на индикатори за следењето на буџетските трошења на централно ниво ..... 8

Следење на објави за извештајниот период ..... 16

Б) Трошење од буџетите на единиците на локална самоуправа ..... 22

1. Мониторингот на трошења на ниво на локална власт ..... 22

3. АНЕКС ..... 29

## Кратенки

АФПЗРР – Агенција за финансиска поддршка на земјоделие и рурален развој

БИЈК – Барање за информации од јавен карактер

ДДВ – Данок на додадена вредност

ЕЛС – Единица на локална самоуправа

ЈП – Јавно претпријатие

ЦЕА – Центар за економски анализи

МЗШВ – Министерство за шумарство и водостопанство

МТВ – Министерство за труд и социјална политика

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

МФ – Министерство за финансии

РМ – Република Македонија

ТМ – Транспарентност Македонија

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

CEA Center for Economic Analyses

# 1. Резиме за извештајниот период

**Централна власт**

**Мониторинг на индикатори за следењето на буџетските трошења на централно ниво**

- ✓ Кумулативната реализација на буџетскиот дефицит до месец март 2016 год. изнесува 30%, што преставува скоро 5 п.п. поголема реализација од очекуваната рамномерна реализација (25%).

- ✓ До месец март кумулативната реализација на ставката државни записи изнесува 29% од вкупно планираниот годишен буџет, што слично на буџетскиот дефицит е речиси 4 п.п. повеќе споредено со очекуваната рамномерна реализација на месечно ниво од 25%.

- ✓ Капиталните расходи кумулативно до март 2016 година имаат реализација од 12%, што е 1/2 (скоро 13 п.п. пониска реализација) од очекуваното рамномерно месечно реализирање.

- ✓ Кумулативната стапка на реализација до март на расходите за социјална помош изнесува 22% %, и речиси 3 п.п. под претпоставената рамномерна месечна (кумулативна) реализација од 25%.

- ✓ Ставката – други трансфери е реализирана кумулативно до месец март од 29 %, што е речиси 4 п.п. над претпоставената рамномерна месечна реализација. Стапката на реализација на оваа ставка само во месец март изнесува 11%.

- ✓ Месечната стапка на реализација на расходите за стоки и услуги кумулативно до месец март изнесува 20%, и речиси 5 п.п. под претпоставената рамномерна месечна реализација од 25%.

- ✓ Кумулативната месечната стапка на реализација на ставката социјални трансфери кон Агенција за вработување (вклучително и надоместоци за невработените, расходи за мерките за вработување и сл.) до месец март изнесува 19%, и речиси 6 п.п. под претпоставената рамномерна месечна реализација.

- ✓ До месец март кумулативната реализација на ставката странски заеми изнесува 9,3% од вкупно планираниот годишен буџет, што е речиси 15,7 п.п. помалку споредено со очекуваната рамномерна реализација на месечно ниво од 25%. При толкувањето на податоците на оваа ставка треба да се има предвид нејзината изразена цикличност во реализацијата во зависност од периодот во кој е земен странскиот заем и неговиот износ.

- ✓ Приходите од административни такси и глоби до месец март (иако благо зголемена во однос на јануари) кумулативно се реализирале 20,4%, што преставува за 4,6 п.п. пониска реализација доколку рамномерно би се реализирал буџетот за оваа ставка секој месец во текот на годината.

- ✓ Кумулативната стапка на реализација на данокот на добивка е значајно подобрена во месец март (очекувано сезонско движење) и изнесува 26,5 %, што за скоро 1,5 п.п. повисока од рамномерните 25%, доколку истата би се реализирала рамномерно на месечно ниво во текот на годината. Само во месец март стапката на реализација на данокот на добивка изнесува високи 16%.

## Јавни објави на веб страниците на Влада и селектирани буџетски корисници

- ✓ За разлика од претходните извештаи кога имаше тенденденција на намалување на бројот на објавите, во месец април, бројот на објавите, во споредба со претходниот месечен извештаен период е зголемен за околу 13%.

- ✓ Може да се забележи дека покрај малиот број на објави кај буџетските корисници и содржината на објавите е со скромни квантитативни и квалитативни податоци–односно кај сите мониторирани институции (кај тие што воопшто имаат било каква објава) процентот на објавени информации е многу мал.

- ✓ Само 27% од вкупните објави на Влада на РМ ( која има најмногу - 75 објави) содржат финансиски податоци за направените/планираните инвестиции.

- ✓ Само 3% од вкупните објави на сите буџетски корисници содржат аналитичко елаборирање на планираните/ реализираните активности.




- ✓ Скромен дел од објавите на сите мониторирани буџетски корисници (околу 10%) вклучуваат информации за изворите на средства, како и програмите/стратегиите/плановите врз основа на кои го најавуваат или реализираат објавениот проект.

- ✓ Само 3 објави на Влада на РМ содржат било каква аналитика на објавите, додека останатите буџетски корисници во своите објави немаат суштински податоци за најавените активности.

- ✓ Најголем дел од објавите на сите мониторирани веб страници се однесуваат на посети, средби и конференции на државните претставници кои ги имале во текот на извештајниот период.

- ✓ Од мониторингот на структурата-таргетот на објавите на клучните буџетски корисници се гледа дека доминантно таргетирани биле: младите и невработените (главно преку презентирање на мерките за субвенционирање, или информирање за нивната искористеност).

- ✓ Карактеристично е да се спомене дека значителен дел од објавите се однесуваат на субвенционирање, како на пример за проектот "Купи куќа за млади" (околу 10% од вкупните објави), за кој веќе имаше голем број на објави во претходниот извештаен период, како и објави кои се однесуваат на субвенционирање. **За овој „проект" по претходна проверка на официјалните веб страници на Министерство за финансии и на Влада на РМ не беа пронајдени информации и податоци за истиот во соодветна стратегија, програма на владата односно министерството, како и буџетска програма. Ова беше причината поради која беше пристапено со официјално БПИЈК, на кое што и по поминати 3 месеци од законскиот рок се уште не е добиен одговор.**

- ✓ Министерство за транспорт и врски или Министерството за економија како и Јавното Претпријатие за државни патишта, немаат никакви објави, додека Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој има само една објава која не содржи финансиски податоци и извор на средства.

**<u>Мониторинг на трошењето на ниво на локална власт</u>**

**Во овој извештаен период се евидентирани кумулативно сите забележани трошења на локално ниво, од почетокот на мониторингот 01.01.2016.**

- ✓ Од 01.01.2016-30.04.2016 се забележани вкупно 318 капитални и оперативни буџетски трошења во 24-те општини, по кои е постапено со дополнително прибирање на информации/податоци.

- ✓ Од вкупните евидентирани трошења (318) за 58 % односно за 186 трошења е поднесено БПИЈК додека за останатите информации се добиени со дирекнтен контакт од општината или пак информациите биле јавно достапани на веб.

- ✓ Од расположливите податоци добиени од локалната мониторинг група, се утврдува дека најголем број на капитални/оперативни расходи на локално ниво биле идентификувани во Охрид, Струмица и Куманово, додека значително малку трошења биле идентификувани во Македонски Брод, Чашка и Карбинци.

- ✓ Во однос на главната поделба на трошењата на оперативни и капитални - скоро три четвртини од регистрираните трошења се однесуваат на капитални вложувања (76% капитални и 24% оперативни трошења).

- ✓ Во однос на областите на вложувања како главни се издвојуваат: реновирање/реконструкција на градинки училишта и др. образовни објекти, реконструкција на патишта и улици и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи.

- ✓ Од вкупно 318 евидентирани трошења во периодот на мониторинг, 52 се однесуваат на реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, 112 на реконструкција на патишта и улици, 28 на реновирање/реконструкција на училишта, градинки, социјални домови и сл., и 126 трошења кои не можат да се сместат во горенаведените категории.

- ✓ **Од вкупно 318 евидентирани трошења, за 204 од нив има целосни или делумни податоци - односно за околу 36% од вкупните трошења, мониторите се уште не се обезбедиле јасни и конкретни информации и се уште се чека одговор на БПИЈК.**

- ✓ **Само 7% од евидентираните трошења[1] за кои има барем минимални податоци се предвидени во одредена стратегија на односната општина, 63% од трошењата се предвидени во некоја од програмите на општината, 57% се предвидени во соодветна буџетска програма, 41% од трошењата се предвидени/направени со одлука на совет, а 37% се предвидени во план.**
- ✓
- ✓ **Само 2% од трошењата се предвидени/содржани во сите 5 документи односно во стратегија, програма, буџетска програма, одлука на совет и план. 12% од трошењата се содржани во 4 документи, 30% се предвидени/содржани во 3 документи, 18% во 2 документи и 23% во само еден документ. За 16% од трошењата нема јасни и целосни податоци.**
- ✓
- ✓ **За 39% од поднесените барања е добиен одговор во рамките на законскиот рок, за 40% од барањата се чека одговор (односно сеуште не е поминат рокот за одговор) додека за 21% од поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер не е добиен одговор во рамките на законскиот рок.**

[1] Вкупно 204 евидентирани со целосни или делумни податоци.

# Вовед

Мониторингот на трошењето од буџетот на централно и локално ниво преставува комплексен процес која бара најпрво дефинирање на методологија и понатаму дизајнирање на шема за нејзина имплементација од која навремено и точно ќе се продуцираат конкретни информации и податоци.

Со цел реализација на оваа операција, ЦЕА пристапи кон реализација на неколку активности кои понатаму ќе служат како основа за извештаите кои се продуцираат. Во текот на месец ноември-декември 2015 год. од страна на експертскиот тим на Центарот за економски анализи (ЦЕА) беше развиена методологија за следење на трошењата од буџетот на централно и локално ниво во Република Македонија (РМ) во предизборниот и изборниот период за предвремените избори најавени за јуни 2016 година. Развивањето на ваква методологија е од посебен интерес за РМ имајќи предвид дека ваква активност до сега не била спроведена во државата.

Методологијата се состои од два дела:

1. Мониторинг на буџетските трошења на централно ниво (извршување на буџетот и следење на објави на буџетски корисници).
2. Мониторинг на буџетските трошења на локално ниво (мониторинг на квартално извршување на општинските буџети и мониторинг на капиталните/оперативните расходи),
    - мониторингот на локално ниво има и компонента на следење на трошењето на локално ниво од единиците на локална самоуправа, буџетските единки и комуналните претпријатија од страна на обучени локални набљудувачи.

Методологијата ќе ги следи трошењата и најавите за трошења од Владата, буџетските корисници, нивните претставници, локалната самоуправа (избран примерок), комуналните претпријатија (избран примерок) и нивните претставници ќе биде имплементирана од Транспаренси Интернешнл-Македонија, ЦЕА и од партнерски организации-локални набљудувачи.

За реализација на развиената методологија која се применува за мониторинг во овој извештај беа креирани неколку алатки (Google forms, excel алатки, база на податоци), прашалници и формулари кои на локалните набљудувачи, на ЦЕА и ТИ-М, кои овозможат платформа за следење на јавните расходи во периодот кој следи.

Со цел имплементација на оваа методологија заедно со партнерската организација ТИ-М, беше спроведен повик за локални набљудувачи на трошењето на буџетите на локално ниво, и со помош на интервју на кандидати кои се влезени во потесен круг, направена е селекција на локалните набљудувачи (вкупно 8 се селектирани, види Анекс).

За полесна координација и примена на методологијата за мониторинг е направен и водич кој има за цел да им помогне на локалните набљудувачи да ги користат алатките изготвени за потребите на проектот. Пред започнување со мониторингот на трошењето на буџетите на локално ниво, беше спроведена еднодневна обука (22.12.2015) од страна на ЦЕА и еднодневна обука од страна на ТИ-М (23.12.2015) на кои беа презентирани алатките кои набљудувачите ќе ги користат при прибирањето на информации од терен, како и начините за известување.

Резултатите од креираната методологија и од работата на тимот на ЦЕА, ТИ-М и тимот на локални монитори ќе биде презентиран во продолжение.

## 2. Буџетски Трошења

### А) Трошењето од централниот буџет

**1. Мониторинг на буџетските трошења на централно ниво-мониторинг и анализа на месечните извештаи кои ги објавува Министерството за финансии на РМ за извршување на буџетот**

Мониторингот се врши врз основа на креирана база на податоци (од податоци од месечни/квартални извештаи од Извршување на Буџет 2008-2016 год.) преку што се утврдени главните трендови и сезонски ефекти во политичките и економските циклуси и разликите во буџетските трошења во тековниот период, и нивно споредување со минати периоди. Целта на испитувањето на движењето на посебни позиции на приходи/расходи во буџетот за претходниот период (претходните изборни циклуси) претставува основа да се види шаблонот по кој се менуваат зголемуваат/намалуваат определени буџетски позиции пред и за време на избори. Ова понатаму ќе ни овозможи споредба на истите со тековните движења на буџетските приходи и расходи и со извесна доза на внимание предвидување на движењето на истите во изборниот процес кој доаѓа.

**Мониторинг на индикатори за следењето на буџетските трошења на централно ниво**

Анализата на национално ниво е базирана на официјално достапните податоци за буџетските ставки од месечните извештаи за извршување на буџетот. Нашата цел во периодот на мониторинг е блиску да го следиме движењето на селектирани ставки кои вообичаено се поврзуваат со политичкиот и економскиот циклус.

За секоја од буџетските приходи и расходи во буџетот кои се дел од мониторингот е креирана база на податоци во која се следи:

- Реализација на буџетот, во проценти на месечна и на квартална основа.
- Кумулативна реализација на буџет, во проценти на месечна и на квартална основа.
- Апсолутно извршување на буџетот на месечна и квартална основа
- Рамномерност во извршувањето на буџетот на месечно и квартално ниво со цел да се видат отстапувањата од месечниот/кварталниот просек
- Отстранување на сезонскиот ефект од движењето на буџетските ставки (приходи и расходи) и преставување на истиот со посебна линија на графичките прикази ("сезонски фактор" кај кварталните прикази и "месечни фактори" кај месечните прикази на податоците) со цел појасно да се видат движењата на определени приходи и расходи кои евентуално произлегуваат од дискрециони одлуки, а не врз основа на сезонски ефекти. За секоја од посебните буџетски ставки е пресметан и мониториран и трендот кој го следат истите.

Буџетските позиции кои се дел од мониторингот во овој дел од извештајот опфаќаат:
Јавни приходи: вкупни даноци, ДДВ, данок на добивка, административни такси и глоби, персонален данок на доход.
Јавни расходи: Капитални расходи, плати и надоместоци, стоки и услуги, здравствена заштита, расходи за пензии, парични надоместоци за невработени, и категоријата други трансфери која вклучува и трансфери кон ЕЛС, субвенции за земјоделството.
Финансирање на дефицит: движење на дефицит/суфицит, државни записи и странски заеми.

Во анализата која ќе следи ќе бидат презентирани генерални заклучоци и само селектирани графички прикази кои ги потврдуваат нашите констатации, имајќи ја предвид обемноста на базата на податоци и информациите кои невозможно во целост да се презентираат во ограничениот простор на овој извештај.

**Напомена: Со цел појасно претставување на движењето на определените расходи/приходи во дел од графици (може да се види со права хоризонтална црвена линија) е прикажано рамномерното ниво (изразено во %) доколку определена буџетска ставка би се реализирала рамномерно на месечно/квартално ниво во текот на годината. Ова преставува визуелно погоден графички приказ за да се спореди и утврди во кои периоди има значајно поголемо/помало реализирање на определените приходи/расходи од рамномерно утврденото.**

***Во делот на графичките прикази на месечно ниво со црвена линија (——) е прикажан сезонскиот фактор, односно вообичаеното/сезонско движење на определен приход/расход (следен во периодот од 2008 година до сега),*** со цел да видиме дали промените пред, за време и после избори се резултат на сезонските движења или на други дискрециони фактори. Во најголем дел од графичките прикази со цел појасно презентирање на движењето на индикаторите пред и за време на изборите, во истите се обележани временските приоди кога се одржувани изборите:

Локални избори

Парламентарни избори

**Месечни Фактори** - ***сезонски фактор на движење на месечно ниво на секоја од разгледуваните буџетски ставки од месечните извештаи за извршување на буџетот е прикажано со црвена линија ( ) со што се гледа вообичаеното/сезонско движење на определен приход/расход (следен во периодот од 2008 година до сега),***

**Приходи/Расходи за месецот** – ***динамика на движење на месечните приходи/расходи од извршувањето на буџетот спореден со вообичаените сезонски движење на истиот приход/расход (следен во периодот од 2008 година до јануари 2016), е прикажано со сина линија и маркер за месецот јануари 2016 ( ).***

**Вкупни приходи од Даноци**

Вкупните даноци до месец март 2016 година ја следат нивната вообичаена месечна динамија и бележат благо подобрување во кумулативна реализација која изнесува 23,8%, и е само за 1,2 п.п. помалку од рамномерните 25%, доколку дадената буџетска ставка би се реализирала рамномерно на месечно ниво во текот на годината.







**Данок од добивка**

Кумулативната стапка на реализација на данокот на добивка е значајно подобрена во месец март (очекувано сезонско движење) и изнесува 26,5 %, што за скоро 1,5 п.п. повисока од рамномерните 25%, доколку истата би се реализирала рамномерно на месечно ниво во текот на годината. Само во месец март стапката на реализација на данокот на добивка изнесува 16%. Според месечната динамика и искуството до сега се очекуваше поголема реализација во месец март поради начинот на плаќање на данокот од страна на правните лица и потенцијални позитивни ефекти од економска активност.







**Персонален данок на доход**

Кумулативната месечната стапка на реализација на персоналнот днок на доход до месец март изнесува скоро 23%, и речиси 2 п.п. под претпоставената рамномерна месечна реализација од 25%.




**Административни такси и глоби (приходи)**

Кумулативната реализацијата на приходите од административни такси и глоби до месец март (иако благо зголемена во однос на јануари) изнесува 20,4%, што преставува за 4,6 п.п. пониска реализација доколку рамномерно би се реализирал буџетот за оваа ставка секој месец во текот на годината.







**Буџетски дефицит/суфицит**

Кумулативната реализација на буџетскиот дефицит до месец март 2016 год. изнесува 30%, што преставува скоро 5 п.п. поголема реализација од очекуваната рамномерна реализација (25%). Само во месец март месечната реализација на буџетскиот дефицит изнесува 6%.







### Државни записи

Државните записи се основните инструменти на Владата/државата преку кои го финансира дефицитот на домашниот финансиски пазар. До месец март кумулативната реализација на ставката државни записи изнесува 29% од вкупно планираниот годишен буџет, што слично на буџетскиот дефицит е речиси 4 п.п. повеќе споредено со очекуваната рамномерна реализација на месечно ниво од 25%.




### Странски заеми

Странските заеми се уште еден извор на финансирање на дефицитот и потребата за финансиски средства на државата. При толкувањето на податоците на оваа ставка треба да се има предвид нејзината изразена цикличност во реализацијата во зависност од периодот во кој е земен странскиот заем и неговиот износ. Стапка на реализација за месец март во однос странски заеми изнесува 6,6%. До месец март кумулативната реализација на ставката странски заеми изнесува само 9,3% од вкупно планираниот годишен буџет, што е речиси 15,7 п.п. помалку споредено со очекуваната рамномерна реализација на месечно ниво од 25%.







## Капитални расходи

Капиталните расходи кои преставуваат моторите на растот во една економија кумулативно до март 2016 година имаат реализација од скромни 12%, што е 1/2 (скоро 13 п.п. пониска реализација) од очекуваното рамномерно месечно реализирање кое изнесува 25%.







## Социјална помош

Анализата на рамномерноста на реализирање расходите за социјална помош покажува дека овие расходи имаат циклично движење. Кумулативната стапка на реализација до март на расходите за социјална помош изнесува 22% %, и речиси 3 п.п. под претпоставената рамномерна месечна (кумулативна) реализација од 25%.






**Други трансфери**

Кумулативната месечната стапка на реализација на ставката – други трансфери до месец март изнесува 29 %, и речиси 4 п.п. над претпоставената рамномерна месечна реализација од 25%. Стапката на реализација на оваа ставка само во месец март изнесува 11%.







**Стоки и услуги**

Кумулативната месечната стапка на реализација на расходите за стоки и услуги до месец март изнесува 20%, и речиси 5 п.п. над претпоставената рамномерна месечна реализација од 25%. Стапката на реализација на оваа ставка само во месец март изнесува 7%.




**Агенцијата за вработување (расходи)**

Кумулативната месечната стапка на реализација на ставката социјални трансфери кон Агенција за вработување (вклучително и надоместоци за невработените, расходи за мерките за вработување и сл.) до месец март изнесува само 19%, и речиси 6 п.п. под претпоставената рамномерна месечна реализација од 25%.







## Јавни објави на веб страниците на Влада и селектирани буџетски корисници

Од самиот почеток на мониторингот (декември 2015 г), во секој извештаен период се евидентираа се помалку објави на веб страниците на Владата и на селектираните буџетски корисници. За разлика од претходните извештаи кога имаше тенденденција на намалување на бројот на објавите, во месец април, бројот на објавите, во споредба со претходниот месечен извештаен период е зголемен за околу 13%.

Во рамките на овој мониторинг се следат сите објавени мерки/активности/политики кои директно или индиректно се поврзани со фискални импликации, како и квалитетот на истите во однос на информациите кои ги даваат буџетските корисници за планираната/направената активност.

Покрај официјалните квантитативни податоци кои можат да се добијат од месечните извештаи за Извршување на Буџет на РМ од Министерството за финансии, мониторингот вклучува и следење на официјални објави на веб страниците на клучни буџетски корисници чија што директна поврзаност со граѓаните е најголема и кои се индиректен показател за политиките и активностите кои се планираат/имплементираат и тоа:

- Влада на РМ,
- Министерство за труд и социјална политика,
- Министерство за транспорт и врски,
- Министерство за финансии,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
- ЈП за државни патишта.

Во рамките на оваа методологија се следат сите објавени мерки/активности/политики кои директно или индиректно се поврзани со фискални импликации (прикажани во анекс).

Овој мониторинг опфаќа проверка на веб страниците на буџетските корисници, се евидентираат сите објави, и при тоа се забележува колку од објавите содржат:

- финансиски податоци за предвидената/најавената/објавената инвестиција;
- колку од објавите имаат аналитика и програма која ја предвидува активноста или трошењето;
- колку од објавите кои се однесуваат на некакви законски измени имаат објавено ПВР (проверка на влијанието на регулативата);
- во колкав дел од објавите се наведени изворите од каде се обезбедени средствата за најавената/реализираната активност/проект;
- кој е таргетот - крајниот корисник на објавената инвестиција/проект;
- финален чекор на мониторинг - методологијата вклучува подготвување и испраќање на барање за пристап до информации од јавен карактер за проектите/активностите кои имаа значајни фискални импликации и се од посебно значење за граѓаните.

Процесот на следење е претставен на следниот график.




**График. Процес на следење на најавени трошења на средства од буџетот на РМ**

## Следење на објави за извештајниот период

На следната табела може да се види вкупниот број на објави кои се направени во месец април на веб страниците на буџетските корисници кои се мониторираат:



**График. Број на објави за услуги според буџетски корисник во извештајниот период**

Од графикот се гледа дека доминантен број односно околу три четвртини од објавите се од Владата на РМ. Во споредба со месец март, бројот на објави на буџетските корисници е многу малку зголемен (што може да се забележи во графиците кои следуваат), а апсолутниот број на објави на Влада на РМ е зголемен за околу 13% во споредба со претходниот извештаен период. Дел од буџетските корисници кои се мониторирани, како на пример Министерство за транспорт и врски или Министерството за економија, како и Агенцијата за државни патишта, воопшто немаат никакви објави.

Иако интензитетот на објавите како и во претходниот извештаен период е релативно мал, на следните графици се илустрирани атрибутите на содржините за најавените/реализираните активности/инвестиции кои буџетските корисници ги пласираат до граѓаните за месец април 2016 година.

**1) Влада на РМ**




**2) Министерство за труд и социјална политика на РМ**




**3) МЗШВ**




**4) Министерство за Финансии на РМ**




Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и рурален има само една објава и истита не содржи финансиски податоци и податоци за извор на средства од каде се финансира активноста наведена во објавата.

Илустрација на информациите кои се содржат во вкупниот број на објави и нивна споредба со претходниот извештаен период:




**Графици: Информации кои се содржат во вкупен број на објави- март и април 2016**

Како што може да се види од наредната табела и на претходно прикажаните графикони:

- *Само 26% од вкупните објави на Влада на РМ (75 објави) содржат финансиски податоци за направените/планираните инвестиции или за објавите во кои се најавува нова инвестиција (Владата која има најмногу објави).*
- *Само 3% од вкупните објави на сите мониторирани буџетски корисници содржат аналитичко елаборирање на планираните/ реализираните активности.*
- *Скромен дел од објавите на сите мониторирани буџетски корисници (околу 10 %) вклучуваат информации за изворите на средства, како и програмите/стратегиите/плановите врз основа на кои го најавуваат или реализираат објавениот проект.*
- *Буџетските корисници на своите веб страници објавуваат многу малку информации за нивните активности.*
- *Може да се забележи дека покрај малиот број на објави и содржината на објавите е со скромни квантитативни и квалитативни податоци– односно кај сите мониторирани институции (кај тие што воопшто имаат било каква објава) процентот на објавени информации е многу мал (види табела подолу).*
- *Само за 3 објави на Влада на РМ содржат било каква аналитика на објавите, додека останатите буџетски корисници во своите објави немаат суштински податоци за насловите.*
- *Најголем дел од објавите на сите мониторирани веб страници се однесуваат на посети, средби и конференции на државните претставници кои ги имале во текот на извештајниот период.*

Процентот на објави кај буџетските корисници кои содржат финансиски податоци, аналитика или конкретен извор на средства во останатите буџетски корисници е помал од 30%.




**График: Број на објави во март кои содржат и не содржат финансиски податоци**

**Табела. Објави и карактеристики на објави од буџетските корисници за месец април 2016 година**

| Буџетски корисник | Вкупен број на о | Број на објави кои содржат фин. податоци | % на содржини кои содржат фин податоци | % на содржини кои НЕ содржат фин. податоци |
|---|---|---|---|---|
| Влада на Р.М | 75 | 21 | 28% | 72% |
| МТСП | 4 | 1 | 25% | 75% |
| МТВ | 0 | 0 | 0% | 0% |
| МФ | 20 | 3 | 15% | 85% |
| АФПЗРР | 3 | 0 | 0% | 100% |
| МЗШВ | 4 | 0 | 0% | 100% |
| ЈПДП | 0 | 0 | 0% | 0 |
| ***Вкупно*** | ***106*** | ***25*** | ***24%*** | ***76%*** |

**Табела. Објави и карактеристики на објави од буџетските корисници за месец март, 2016 година**

| Буџетски корисник | Вкупен број на о | Број на објави кои содржат фин. податоци | % на содржини кои содржат фин податоци | % на содржини кои НЕ содржат фин. податоци |
|---|---|---|---|---|
| Влада на Р.М | 65 | 17 | 26% | 74% |
| МТСП | 10 | 0 | 0% | 100% |
| МТВ | 0 | 0 | 0% | 0% |
| МФ | 15 | 3 | 20% | 80% |
| АФПЗРР | 3 | 0 | 0% | 100% |
| МЗШВ | 1 | 1 | 100% | 0% |
| ЈПДП | 1 | 1 | 100% | 0% |
| ***Вкупно*** | ***95*** | ***22*** | ***23%*** | ***77%*** |

Од мониторингот на структурата-таргетот на објавите (односно проектите) на клучните буџетски корисници се гледа дека доминантно во фокусот биле: младите и невработените (остатокот, односно најголемиот дел е наменет општо за граѓаните, со општи објави за посети, средби и учество на конференции на претставници на Владата).

На следниот график, прикажани се области за кои буџетските корисници даваат информации за граѓаните. Исто така прикажан е и крајниот корисник/таргет групата за кој се однесуваат трошењата или информациите.
Од графикот може да се види дека доминантно се објавуваат содржини за настанати средби, состаноци, посети по институции, многу помалку за нови инвестиции. Интересно е да се спомене дека значителен дел од објавите се однесуваат на субвенционирање, како на пример за проектот “Купи куќа за млади” (околу 10% од вкупните објави), за кој веќе имаше голем број на објави во претходниот извештаен период, како и објави кои се однесуваат на субвенционирање.




**График. Области кои се таргетирани со најава за зголемени трошења**

Од мониторингот на структурата-таргетот на објавите (односно проектите) на клучните буџетски корисници се гледа дека доминантно на објавите на Влада и Министерство за финансии во фокусот биле: младите и невработените, и тоа преку презентирање на мерките за субвенционирање, или информирање за нивната искористеност. Сепак, поголем дел се однесуваат генерално за сите граѓани, презентирајќи ги средбите кои биле остварени во периодот, макроеконосмките ситуации во земјата и слично.




**График. Корисници кои се таргетирани со најава за зголемени трошења**

## Б) Трошење од буџетите на единиците на локална самоуправа

### 1. Мониторингот на трошења на ниво на локална власт

Во мониторингот и прибирањето на податоци за трошења на ниво на локална власт своја улога имаат локалните набљудувачи, кои секојдневно ја следат активностите на мониторираните општини и на дневна основа ги проследуваат информациите и податоците согласно дефинирана методологија. Локалните набљудувачи го започнаа својот мониторинг на 01.01.2016.

Во периодот на мониторинг, од почетокот па се до 30.04.2015 се забележани вкупно 318 капитални и оперативни буџетски трошења во 24-те општини[2] (55,2% од вкупниот број на жители во Р. М) каде се спроведува мониторингот, по кои е постапено со дополнително прибирање на информации/податоци кои се однесуваат на истите.

По региони (од кои во секој регион се земени по 3 општини) состојбата на трошењата изгледа вака:




**График: Евидентирани трошења по региони во периодот**

[2] Според проценките на население на ДЗС на 30.06.2014 година (www.stat.gov.mk) за 22 од 24-те општини каде се спроведува мониторингот изнесува 997.903 жители, за општините Центар и Аеродром се евидентираат како Скопје останат дел и Сопиште, и бројот на жители на овие општини е врз основа на податоци од општинските веб страници, односно за Центар 45.362 жители, и Аеродом 98.382 жители. Вкупно овие 24 општини, кои се предмет на мониторинг, имаат 1.141.647 жители што претставува 55,2% од вкуониот број на жители на Р.М кој изнесува 2.067.471 жители, според проценките на ДЗС од 30.06.2014.

Од расположливите податоци добиени од локалната мониторинг група, се утврдува дека најголем број на капитални/оперативни расходи на локално ниво биле идентификувани во Охрид, Струмица и Куманово, додека значително малку трошења биле идентификувани во Македонски Брод, Чашка и Карбинци – кои се мали рурални населени места.

Во однос на главната поделба на трошењата на оперативни и капитални, (илустративно прикажано на графикот подолу), скоро три четвртини од регистрираните трошења се однесуваат на капитални вложувања.




**График: Поделба на регистрираните трошења во набљудуваните општини**




**График: Број на капитални и оперативни трошења по општини**

Истиот заклучок може да се донесе и ако ги набљудуваме посебни општните. Можеме да забележиме дека освен за општините, Гази Баба( каде има

евидентирано повеќе оперативни од капитални трошења) и Новаци ( каде бројот на капитални и оперативни трошеања е ист) бројот на капитални трошења во однос на оперативни е значително поголем.

Во однос на областите на вложувања како главни се издвојуваат: реновирање/реконструкција на градинки училишта и др. образовни објекти, реконструкција на патишта и улици и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, и тоа од вкупно 318 евидентирани трошења во периодот на мониторинг, 52 се однесуваат на реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, 112 на реконструкција на патишта и улици, 28 на реновирање/реконструкција на училишта, градинки, социјални домови и сл., и 126 трошења кои не можат да се сместат во горенаведените категории.




**График: Области на трошење**

Поделено по региони, вложувањата во различните области изгледа вака:



.Графички приказ на областите на трошење по региони
























Со цел појасно прикажување на податоците во овој извештаен период се прикажани податоци за трошењата на општините кумулативно од 01.01.2016 - 30.04.2016. Анализа на трошењата е направена врз основа на добиените одговори на БПИЈК или пак на добиените информации директно преку неформално барање од општината или пак од официјалната веб страница. Од вкупно 318 евидентирани трошења, за 204 од нив има целосни или делумни податоци .




***График: Стратешки документи во кои се предвидуваат направените трошења на локално ниво***

Само 7% од евидентираните трошења за кои има барем минимални податоци се предвидени во одредена стратегија на односната општина, 63% од трошењата се предвидени во некоја од програмите на општината, 57% се предвидени во соодветна буџетска програма, 41% од трошењата се предвидени/направени со одлука на совет, а 37% се предвидени во план.

***График 2: Број на документи кои го содржат трошењето***




Само 2% од трошењата се предвидени/содржани во сите 5 документи односно во стратегија, програма, буџетска програма, одлука на совет и план. 12% од трошењата се содржани во 4 документи, 30% се предвидени/содржани во 3 документи , 18% во 2 документи и 23% во само еден документ. За 16% од трошењата нема јасни и целосни податоци.

Од вкупните евидентирани трошења ( 318) за 58 % односно за 186 трошења е поднесено БПИЈК додека за останатите информации се добиени со дирекнтен контакт од општината или пак информациите биле јавно достапани на веб.




***График: Фаза на БПИЈК***

Како што може да се види од графикот погоре за 39% од поднесените барања е добиен рок во раките на законскиот рок, за 40% од барањата се чека одговор( односно сеуште не е поминат рокот за одговор) додека за 21% од поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер не е добиен одговор во рамките на законскиот рок.




Најмногу барања има поднесено до општина Струмица вкупно 26 од кои за 6 не е добиен одговор во законскиот рок. За општините Кратово и Крива Паланка нема поднесени БПИЈК т.е информациите се добивани со директен контакт со општините или пак од официјалната веб страница. Во 13 од вкупно 24 мониторирани општини има барем по едно барања за кое не е добиен одговор на БПИЈК во рамки на законскиот рок. Како што може да се видо во графикот погоре за Тетово и Босилово бројот на неодговорени барања во рамки за законскиот рок надминува 50% од вкупните поднесни БПИЈК во истите општини.

# 3. АНЕКС

**Локални набљудувачи-организации**

**Табела. Организации кои се локални набљудувачи**

| | **Име на организацијата** |
|---|---|
| 1 | ЗИП Институт-Скопје / ZIP Institute-Skopje |
| 2 | Фокус-Велес / Focus - Veles |
| 3 | ДРОМ -Куманово / DROM - Kumanovo |
| 4 | Ехо Штип / Eho - Shtip |
| 5 | ЛДА Струга /LDA Struga |
| 6 | Организација на жени-Струмица |
| 7 | ЦСО -Тетово / CSO - Tetovo |
| 8 | МКЦ-Битола /МКС- Bitola |

**Анекс 1: Евидентирани објави на селектираните буџетски корисници:**

| | **Наслов на објава** | **Буџетски корисник** | **Област** | **Корисник/ таргет на услуга од објава** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Работна посета на Прифатниоит центар за баратели на азил-Визбегово на Ташевска-Ременски | МТСП | Посета | азиланти |
| 2 | 30-та седница на Економско-социјалниот совет | МТСП | Седница | граѓани |
| 3 | Демант во врска со написите во одредени портали под наслов “76 семејства неможат да добијат социјален стан заради блокадите на Ременски” | МТСП | Соопштение | граѓани |
| 4 | Ташевска-Ременски: Ставревски веднаш да ја одблокира исплатата на правата на граѓаните | МТСП | Повик | ранливи категории |
| 5 | ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АФПЗРР И А.Д ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | АФПРРЗ | Меморандум за соработка | Земјоделци |
| 6 | Одржан прв состанок на Управниот одбор на Твининг проектот „Понатамошно зајакнување на АФПЗРР и подготовка на Агенцијата за програмскиот период 2014-2020 | АФПРРЗ | Состанок | Земјоделци |
| 7 | Известување за поднесување на барања за финансиска поддршка во земјоделството. | АФПРРЗ | Известување | Земјоделци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Битола обезбеди 500, а Ресен 100 локации за проектот „Купи куќа за млади“ | МФ | Соопштение | млади |
| 9 | Отворени денови на УИПР | МФ | Соопштение | компании и физички лица |
| 10 | Саемот за градежништво со богата понуда на плацови за „Купи куќа за млади“ | МФ | Субвенционирање | млади |
| 11 | „Купи куќа за млади“ презентиран во Штип, околу 600 граѓани заинтересирани | МФ | Субвенционирање | млади |
| 12 | За 10 години невработеноста се намали за 11 процентни поени, креирани се 150.000 нови работни места | МФ | Изјава | невработени |
| 13 | Ставрески: Пречистителната станица, еден од најголемите инфраструктурни зафати | МФ | Инвестиција | граѓани |
| 14 | Ставрески: Ќе се гради патот Прилеп-Градско во должина од 33 километри | МФ | Најава | граѓани |
| 15 | Ставрески: Невработеноста во Прилеп намалена за 10.000 лица | МФ | Изјава | невработени |
| 16 | Во Прилеп се нудат 370 плацови за проектот „Купи куќа за млади“ | МФ | Субвенционирање | млади |
| 17 | Ставрески: Во јуни завршува првата делница од гасоводната мрежа | МФ | Изјава | граѓани |
| 18 | Ставрески: Проектот „Купи куќа за млади“ ги има првите корисници | МФ | Субвенционирање | млади |
| 19 | Ставрески даде отчет за сработеното: Отворени 150 илјади работни места, даноците најниски во светот | МФ | Отчет | пензионери и земјоделци |
| 20 | Ставрески: Индустрискиот раст дава надеж за висок раст на економијата | МФ | Изјава | граѓани |
| 21 | Ставрески: Во Кавадарци од 2005 година отворени нови 9.764 работни места | МФ | Изјава | невработени |
| 22 | Реализација на инфраструктурни проекти во Кавадарци | МФ | Инвестиција | граѓани |
| 23 | „Стандард и Пурс“ повторно го потврди стабилниот кредитен рејтинг на Македонија | МФ | Изјава | граѓани |
| 24 | Пуштена во употреба зградата на јавната администрација во Струмица | МФ | Реконструкција | граѓани |
| 25 | Утре Караванот Купи куќа за млади во Радовиш | МФ | Соопштение | млади |
| 26 | Твининг проект за подготовка на осигурителниот пазар по новите ЕУ директиви | МФ | Изјава | граѓани |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27 | Раст од 10,7 проценти на индустриското производство во првиот квартал | МФ | Изјава | граѓани |
| 28 | Завршна работилница од „Проектот за развој на живинарството во Република Македонија“ | МЗШВ | Конференција | земјоделци |
| 29 | ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДАВАЊЕ НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА НА КОРИСТЕЊЕ ПО ПАТ НА КОНЦЕСИЈА ВО ЛОВНИТЕ РЕОНИ СТРУГА, ДЕЛЧЕВО И КОЧАНИ | МЗШВ | Повик | Земјоделци |
| 30 | Оддржана петтата седница на Национален Комитет за мрежа за сметководствени податоци од земјоделско стопанство | МЗШВ | седница | земјоделци |
| 31 | Одржана работилница од пилот проект за пасоши на растенијата | МЗШВ | работилница | |
| 32 | Над 40.000 пензионери користеле бесплатен железнички превоз | Влада на РМ | Изјава | пензионери |
| 33 | Македонија и Црна Гора ја интензивираат културната соработка | Влада на РМ | Средба | граѓани |
| 34 | Четири нови апарати во Клиниката по хируршки болести во Скопје | Влада на РМ | Инвестиција | граѓани |
| 35 | Трајно решен работниот статус на 112 поранешни професионални војници | Влада на РМ | Вработување | поранешни професионални војници во АРМ |
| 36 | Платена обука на невработени лица за старите занаети | Влада на РМ | Најава | занаетчии и невработени лица |
| 37 | Нова лабораторија за рано откривање одредени аномалии кај плодот | Влада на РМ | Инвестиција | граѓани |
| 38 | Презентирана програмата за „Дојран – град на културата за 2016“ | Влада на РМ | Најава | граѓани |
| 39 | Нов современ Центар за цистична фиброза во Детската болница во Козле | Влада на РМ | Реконструкција | деца |
| 40 | Промовирани десет нови наслови на стручни, научни книги и учебници | Влада на РМ | Промоција | академска јавност |
| 41 | Димитриев: Над милион евра за нови инфраструктурни проекти во Крива Паланка | Влада на РМ | Најава | граѓани |
| 42 | Ставрески: Невработеноста во Прилеп намалена за 10.000 лица | Влада на РМ | Соопштение | невработени |
| 43 | Ставрески: Ќе се гради патот Прилеп-Градско од 33 километри | Влада на РМ | Најава | граѓани |
| 44 | Тодоров: Новиот мамограф во КБ - Штип од големо значење за пациентите од источниот регион | Влада на РМ | Посета | граѓани |
| 45 | Ставрески:Пречистителната станица, еден од најголемите инфраструктурни зафати | Влада на РМ | Инвестиција/реконструкција | граѓани |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 46 | Димитриев - Паролин: Македонија и Ватикан ги поврзуваат духовни и културни вредности | Влада на РМ | Средба | граѓани |
| 47 | Спасов: Преку „Македонија вработува" над 15 илјади лица нашле работа | Влада на РМ | Посета | невработени |
| 48 | Нови мамографи во Скопје, Кавадарци, Гевгелија, Радовиш и Македонска Каменица | Влада на РМ | Инвестиција | граѓани |
| 49 | Скопје и Софија ја зајакнуваат соработката за справување со мигрантите | Влада на РМ | Средба | граѓани |
| 50 | Изградба на повеќе инфраструктурни објекти во Радовишко | Влада на РМ | Најава | граѓани |
| 51 | Наставниот кадар ќе се обучува за покреативна и интерактивна настава | Влада на РМ | Изјава | наставен кадар |
| 52 | Две години од првата операција на Државната кардиохирургија | Влада на РМ | Изјава | граѓани |
| 53 | Димитриев: Владата ќе продолжи со нови капитални проекти за Кочани | Влада на РМ | Иајава | граѓани |
| 54 | Мисајловски: Милијарда евра во патната инфраструктура во Македонија | Влада на РМ | Реконструкција | граѓани |
| 55 | Препораки за развој на живинарството во Македонија | Влада на РМ | Соопштение | сопсвеници на живинарски фарми и потрошувачи |
| 56 | Нова опрема за рано дијагностицирање на туберколоза | Влада на РМ | Инвестиција | граѓани |
| 57 | Заменик министерот Ристовски го посети тетовското ОУ „Гоце Делчев" | Влада на РМ | Посета | Основци - ученици |
| 58 | Оглас за отворање амбуланти во рурални подрачја | Влада на РМ | Самовработување | граѓани |
| 59 | Нови тимови, возила и повисоки плати за Итната медицинска помош | Влада на РМ | Најава | доктори и граѓани |
| 60 | Објавен оглас за 500 лица преку мерката Практикантство | Влада на РМ | Соопштение | невработени лица и приватни компании |
| 61 | Спасов: Преку „Македонија вработува" вработени 15.900 лица | Влада на РМ | Изјава | невработени |
| 62 | Завршена едицијата „Ѕвезди на светската книжевност" - објавени сите планирани 560 наслови | Влада на РМ | Соопштение | академска јавност |
| 63 | Чешка донација за набавка на 25 возила за МВР | Влада на РМ | Средба | Полициски службеници |
| 64 | Попоски: Интеграцијата меѓу балканските земји да оди „рака под рака" со европската | Влада на РМ | Конференција | граѓани |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 65 | Од утре ново намалување на цените на лековите | Влада на РМ | Најава | граѓани |
| 66 | Ставрески: Во Кавадарци од 2005 година отворени нови 9.764 работни места | Влада на РМ | Соопштение | невработени |
| 67 | Во јавниот сектор вработени 128.347 лица во 1.288 институции | Влада на РМ | Соопштение | невработени |
| 68 | Попоски-Хан: Избори на 5 јуни се најдобар пат за враќање на ЕУ агендата | Влада на РМ | Средба | граѓани |
